Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, на Конститутивната седница на Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва, одржана на 6.07.2011 година, се донесоа следните

# П Р А В И Л А
## за организацијата и начинот на работа на Асоцијација на осигурително-брокерски друштва

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овие Правила се уредува организацијата и начинот на работењето на Асоцијација на осигурително-брокерски друштва (во натамошниот текст Асоцијација).

### Член 2

Асоцијацијата од член 1 на овие Правила е деловно стручна организациона форма во рамките на Стопанската комора на Македонија, преку која членовите на Асоцијацијата самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од заеднички интерес.

Членови на Асоцијацијата можат да бидат домашни и странски правни лица, членови на Стопанската комора на Македонија, кои во својата стопанска дејност вршат осигуритепно-брокерски активности.

### Член 3

Асоцијацијата не е правно лице. Дејствува како организационо тело на здружување во рамките на Стопанската комора на Македонија.

## II. ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

### Член 4

Асоцијацијата ги остварува следните работи:

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста;
- ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси во рамките на дејноста, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- усвојува заклучоци и предлага мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;
- разгледува предлози на закони и други прописи, дава мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренува иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите;

- иницира и остварува соработка со членови на други здруженија во рамките на Комората и надвор од неа по прашања од заеднички интерес и остварува меѓународна соработка во согласност со програмските активности на Асоцијацијата и со општите акти на Комората, односно на Асоцијацијата;
- соработува со надлежните органи и институции во земјата согласно Законот и со општите акти на Комората и ги застапува интересите на членовите на Асоцијацијата;
- врши размена на информации од интерес на членовите на Асоцијацијата;
- ги координира активностите за организиран настап на членовите на семинари, конгреси и други манифестации во земјата и во странство;
- ги поттикнува имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста;
- остварува други активности што заеднички ќе ги договорат членките на Асоцијацијата.

## III. ЧЛЕНСТВО

**Член 5**

Членството во Асоцијацијата е доброволно.

Членството се стекнува на следниот начин:

- потпишување барање за членство-пристапница за членување во Асоцијацијата;
- почитување на одредбите на Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија и овие Правила;
- редовно плаќање на членарината за Стопанската комора на Македонија.

***Престанок на членство***

**Член 6**

Членството во Асоцијацијата престанува:

- доколку правното лице-членот престане да постои;
- доколку правното лице – членот не ја плати членарината;
- ако престане соработката, односно се изгуби контакт со членот повеќе од две години;
- доколку членот доброволно се откаже од членство;
- доколку Собранието на Стопанската комора на Македонија го исклучи членот.

**Член 7**

Доколку членот престане да постои заради статусни промени (поделба, соединување), правниот наследник останува член на Комората, освен ако не ја извести Комората дека го откажува членството.

Правниот наследник е должен во рок од 30 дена да ја извести Комората за новата фирма и да ги достави сите потребни податоци, заради евидентирање на членството наместо членот кој престанал да постои.

**Член 8**

Членството во Комората престанува и членот се брише од евиденцијата на членки, доколку членката не ја плати членарината за шест месеци, или по истекот на две години од прекинот на секоја соработка со членката.

**Член 9**

Членот може да го откаже членството во Комората за што поднесува изјава за откажување од членство во писмена форма до Комората, најмалку 30 дена пред отакажувањето од членство.

Членот кој го откажал членството во Комората одговара за преземените обврски кон Комората сé до нивното извршување, независно од истекот на отказниот рок.

**Член 10**

Членот се исклучува од членството на Комората доколку:

- не ги почитува Статутот, одлуките на органите на Комората и на Асоцијацијата;
- го повреди угледот на Комората во земјата и во странство;

Одлуката за исклучување на член ја донесува Собранието на Комората.

Членот кој е исклучен поради непочитување на Статутот, одлуките на органите на Комората и на Асоцијацијата, може повторно да биде примен во членството на Комората, со одлука на Управниот одбор.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНКИТЕ

**Член 11**

Секој член на Асоцијацијата ги има следните права и обврски:

- да бира и да биде биран во органите и телата на Асоцијацијата;
- редовно и навремено да биде информиран за прашања од делокругот на работата на Асоцијацијата;
- да покренува иницијативи за донесување и да разгледува предлози на закони и други прописи, да дава мислење и предлози по прашања од соодветната дејност и стопанството во целина;
- да користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши Стопанската комора на Македонија во рамките на својата дејност;
- да користи деловни информации со кои Стопанската комора на Македонија располага;
- да се придржува кон одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија, општите акти и другите одлуки на органите на Комората, овие Правила и другите акти и одлуки на Асоцијацијата;
- да учествува во обезбедувањето средства за остварување на целите на зачленувањето, согласно одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија;
- да учествува во креирањето на програмите за работа на Асоцијацијата и на Стопанската комора на Македонија.

## V. ОРГАНИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 12**

Асоцијацијата има претседател, кој го избираат членовите на Асоцијацијата од својот состав, со мандат од една година.

Асоцијацијата има и двајца потпретседатели, кои се избираат од редот на членовите на Асоцијацијата, со мандат од една година.

Потпретседателите го заменуваат претседателот за време на негово отсуство.

**Член 13**

Претседателот ја претставува Асоцијацијата, ги свикува и раководи со седниците на Асоцијацијата и ги извршува одлуките и заклучоците, и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на Асоцијацијата.

Во извршувањето на работите од својот делокруг претседателот на Асоцијацијата работи во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија и овие Правила.

Претседателот на Асоцијацијата во вршењето на работите од став 1 и 2 на овие Правила го заменуваат потпретседателите на Асоцијацијата.

**Член 14**

Работата на седниците на Асоцијацијата се одржува со присуство на мнозинство од претставниците на членовите на Асоцијацијата.

Одлуките во Асоцијацијата се носат со мнозинство гласови од присутните членови на Асоцијацијата.

## VI. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА, РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

**Член 15**

По прашања од заеднички интерес, Асоцијацијата соработува со здруженијата, регионалните комори и други форми на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија. По прашањата од заеднички интерес може да се организираат заеднички седници.

Асоцијацијата може да остварува соработка со институции надлежни за прашања од интерес на членовите на Асоцијацијата, во согласност со целите и задачите утврдени со Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија.

Асоцијацијата може да остварува соработка и контакти со други институции во земјата и во странство непосредно, согласно Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Македонија.

## VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 16**

Членовите на Асоцијацијата плаќаат придонеси за членство во Стопанската комора на Македонија, согласно Одлуката за утврдување на основицата за пресметување и стапката на придонесот (членарината) за Стопанската комора на Македонија, бр. 07-1018/7 од 10.03.2005 година.

Висината на финансиските средства потребни за работа на Асоцијацијата се утврдуваат со Финансискиот план на Стопанската комора на Македонија, врз основа на програма за работа верифицирана од Собранието на Стопанската комора на Македонија.

За извршување на одредени работи од делокругот на Асоцијацијата кои не се финансираат од придонесот, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Комората, членовите на Асоцијацијата, можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат Одлука за обезбедување средства за одделни специфични намени, со кои располагаат самостојно.

Средствата за посебни намени на Асоцијацијата се водат на посебна потсметка во Стопанската комора на Македонија.

**Член 17**

Административните работи за потребите на Асоцијацијата ќе ги обавува Стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

**Член 18**

Овие Правила влегуваат во сила од денот на донесувањето.

Бр.26-1965/3
06.07.2011 год.
С к о п ј е

Претседател,
Фарук Абедини